Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Министерството за финансии, постапувајќи по барањето бр.13-7903/1 од 18.08.2026 година поднесено од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, врз основа на член 136 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.148/26), ја издава следната

## ДОЗВОЛА
### за приредување на наградна игра

1.Барањето поднесено од Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје за добивање на дозвола за приредување на наградна игра, СЕ УВАЖУВА.

2.На Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје, МУ СЕ ДОЗВОЛУВА приредување на наградната игра „Играј и вози!“.

3.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите, односно да плати износ од 733.962,00 денари пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на издавањето на дозволата.

4.Доколку Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје не го плати износот наведен во точката 3 во рок од 3 дена од денот на издавањето на дозволата, дозволата ќе се одземе.

5.Наградната игра ќе се приредува од 21.09.2026 година до 18.11.2026 година.

6.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје наградната игра да ја спроведува без прекин во текот на временскиот период наведен во точката 5.

7.СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје Скопје да ги објави правилата на наградната игра на интернет страницата astra.mk, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од Министерството за финансии и да достави писмен доказ до Министерството за финансии дека правилата се објавени.

8.Наградната игра ќе се приредува во 4 автомат клубови на Организаторот-АСТРА автомат клубовите, и тоа: Подружница Автомат клуб Диме Тетово, со седиште на ул.Маршал Тито бр.1 Тетово, Подружница Автомат клуб Лауда Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.94 Тетово, Подружница Автомат клуб Боговиње, со седиште на ул.Плачарица бр.1 Боговиње и Подружница Автомат клуб ЛЕШОК-Лешок Тетово, со седиште на ул.101 бр.1 Лешок Тетово.

9.Оваа дозвола влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ“ ДООЕЛ Скопје, согласно член 136 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри до Министерството за финансии

поднесе барање бр.13-7903/1 од 18.08.2026 година за добивање на дозвола за приредување на наградна игра.

Согласно член 136 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, кон барањето подносителот ги достави следните документи:

-тековна состојба на трговското друштво, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020260251911 од 22.06.2026 година;

-правила на наградната игра бр.791-02 од 18.08.2026 година;

-про-фактура бр.26 10169 од 17.08.2026 година издадена од Трговското друштво „Делфино Рен А Кар ДООЕЛ Скопје;

-про-фактура бр.26 10170 од 17.08.2026 година издадена од Трговското друштво „Делфино Рен А Кар ДООЕЛ Скопје;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/3262 од 14.08.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон под бр.0808-12/3262-1 од 14.08.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150120260013211 од 14.08.2026 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност под бр.0808-50/150120260013212 од 14.08.2026 година издадена од Централниот Регистар на Република Северна Македонија;

-информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија под бр.0905-27/322 од 17.08.2026 година;

-уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.29-65/4533/2 од 29.07.2026 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-потврда бр.05-045496/26-0002 од 14.08.2026 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија

и

- уплатница ПП 50 за платен надоместок за поднесеното барање во износ од 6.150,00 денари.

Постапувајќи по доставеното барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:

Подносителот на барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија, видно од тековната состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0805-50/150020260251911 од 22.06.2026 година.

Доставеното барање за добивање на дозвола се однесува за играта на среќа- наградна игра, што произлегува од доставените правила на наградната игра бр.791-02 од 18.08.2026 година, кои се во согласност со член 137 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Согласно член 136 став (2) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри потеклото на наградите наведени во правилата, кои се доделуваат во рамките на наградњара игра, е докажано со про-фактура бр.26 10169 од 17.08.2026 година и про-фактура бр.26 10170 од 17.08.2026 година издадени од Трговското друштво „Делфино Рен А Кар ДООЕЛ Скопје.

На подносителот на барањето не му е изречена споредна казна-забрана за добивање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна-одземање на дозвола за приредување на игри на среќа, не му е изречена споредна казна-привремена забрана за вршење на одделна дејност и не му е изречена споредна казна-трајна забрана за вршење на одделна дејност видно од потврдите бр.0808-12/3262, бр.0808-12/3262-1, бр.0808-50/150120260013211 и бр.0808-50/150120260013212 од 14.08.2026 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Подносителот на барањето ги има платено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето, видно од уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки бр.29-65/4533/2 од 29.07.2026 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и од потврдата бр.05-045496/26-0002 од 14.08.2026 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-27/322 од 17.08.2026 година, со која врз основа на годишната сметка за 2025 година и споредбените показатели за финансиската стабилност, ликвидност и успешност во работењето се потврдува економско-финансиската состојба во работењето на друштвото.

Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје ќе ја приредува наградната игра, со цел рекламирање на услугите на компанијата Мастербет ДООЕЛ Скопје преку својот бренд Астра. Секој посетител што ќе добие ЏЕК ПОТ објавен на поставените монитори во автомат клубовите АСТРА станува учесник во наградната игра и ќе добие купон. За освоен ЏЕК ПОТ од 2.000,00 денари играчот се стекнува со 1 нумериран купон, за освоен ЏЕК ПОТ од 2.000,00-5.000,00 денари играчот се стекнува со 2 нумерирани купони и за освоен ЏЕК ПОТ од 5.000,00 денари играчот се стекнува со 3 нумерирани купони. Купонот се состои од два исто нумерирани делови. Нумерираниот дел од купонот со личните податоци на играчот се внесува во барабанот и учествува во извлекувањето на наградата. Добитникот се извлекува рачно, од страна на еден од членовите на комисијата. Правилата на наградната игра ќе бидат објавени на интернет

страницата astra.mk, пред почетокот на наградната игра, а по добивањето на согласност од Министерството за финансии.

Согласно член 140 ставови (1), (3) и (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри приредувачот на наградната игра плаќа надоместок за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на фондот на наградите пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на приемот на дозволата. Поради тоа, со точката 3 од диспозитивот на оваа дозвола Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје се задолжува да го плати надоместокот за приредување на наградната игра во висина од 18% од вкупната вредност на наградите која што изнесува 4.077.564,00 денари односно да плати 733.962,00 денари. Доколку подносителот не го плати надоместокот за приредување на наградната игра пред почетокот на наградната игра, во рок од три дена од денот на приемот на дозволата, дозволата ќе му се одземе.

Согласно правилата за наградната игра, а во врска со член 137 став (1) точки 3) и 5) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, наградната игра ќе се приредува без прекин во периодот од 21.09.2026 година до 18.11.2026 година во 4 автомат клубови на Организаторот-АСТРА автомат клубовите и тоа: Подружница Автомат клуб Диме Тетово, со седиште на ул.Маршал Тито бр.1 Тетово, Подружница Автомат клуб Лауда Тетово, со седиште на ул.Илинденска бр.94 Тетово, Подружница Автомат клуб Боговиње, со седиште на ул.Плачарица бр.1 Боговиње и Подружница Автомат клуб ЛЕШОК-Лешок Тетово, со седиште на ул.101 бр.1 Лешок Тетово.

Врз основа на изнесеното, се оцени дека се исполнети условите за издавање на дозвола за приредување на наградната игра на Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје.

31-08-2026

Решено во Скопје на ден ____.____.2026 година, под бр.13-7903/2

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на ова решение до странката.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Помошник раководител на сектор
Орнела Трајкоска Пендевска

ДОСТАВЕНО ДО: Друштвото за туризам, угостителство и услуги „МАСТЕРБЕТ" ДООЕЛ Скопје

Изработил: Соња Цветановски
Контролирал: Софка Дугалиќ
Одобрил: Иван Недев